# 339. ПОМНИШ ЛИ ЛИБЕ, ТОДОРЕ




Помниш ли, либе Тодоре,
кога се двајца љубеме,
у чичовото градинче,
под чичовото маслинче.

На една гранка стоеме,
вишни си цреншни зобевме,
лута си клетва дадоме,
кој првен ќе се ожене.

Кој првен ќе се ожене,
девет години да леже,
девет постели да скапе,
и на десета да стане.

На сламка да се потпира,
и таа тешка да му е,
од лист опинци да носе,
и тие тешки да му се.

Од лешка вода да пие,
и таа да му е,
низ прстен да се издене,
и тиа широк да му е.